



# ПРВА САМОСТОЈНА ИЗЛОЖБА 10. 05. - 21. 05. 1995

ЈАНА КУНОВСКА / Родена 14.04.1969 / Завршила ФЛУ 1994

Јана Куновска се јавува како еден од најмладите автори во актуелната уметничка сцена што своето ликовно образование го има стекнато на факултетот за ликовна уметност во Скопје, во класата на професорот Танас Луловски. Определбата за класичниот медиум и свртеноста кон експресионистичката ликовна постапка го одредуваат карактерот на нејзинотот сликарство. Стилизацијата се стреми кон изведба на компактни фигурални композиции со, главно, една женска или машка фигура што на моменти е крајно деформирана, сумирана на сопствените екстремитети. Компактноста на пластичните, волуминозни маси, запретаната енергија и грч во ставот на фигурите, како и колористичката контрастност, упатуваат на некаква далечна инспирација од таканаречениот експресионизам на формата што кај нас беше присутен пред, но и по II-та светска војна, особено во педесеттите години. Формалната матрица на овој експресионизам кај Куновска е надополнет со уште една карактеристична компонента. Во сите дела се чувствува извесна стеснетотст на просторот што е недефиниран и сугерира клаустрофобичност. Оваа просторна, но и композициска напнатност, спротивна на реалистичката инсценација, интензивирана со препотенцирананите фигури и со нагласено звучниот интензитет и ефекти на црвената, зелената, окерот, сината и т.н., во делата внесува некаков немир, некаков пробив на фантастичното. Фантастичноста, иреалноста овде не е третирана тематски, ами пробива во судирот меѓу фигуративноста на претставата и крајно нереалистичкиот начин на нејзиното третирање. Прочистените колористички волумени и површини не сугерираат површински сигнирани емоции и состојби, туку длабински субјективни тензии од кои што се очекува да се артикулира, да проговори потиснатата болка.

Валентино Димитровски

Jana Kunovska is one of the youngest authors of the contemporary art scene who acquired her education at the University of Art in Skopje, in the class of the proff. Tanas Lulovski.

The character of her painting is determined by her intention towards the classical medium and expressionistic artistic proceeding. The stylization aims towards performance of compact compositions of figures, in most of the cases with one female and one male figure which at some moments is extremly deformed, summed up on its extremities.

The compact plastic, voluminous masses, the banked energy and cramped position of the figures, as well as the colouristic contrast, associate of same remote inspiration of the so called "expressionism of the form" which was present here before and after the II World War, especially in the 50's. The formal matrix of this expressionism of Kunovska is complemented with one more characteristic component - in all the paintings certain lack of indefinable space that suggests claustrofobia is felt.

This tension in the space, as well in the composition opposite of the realistic scenery, intensified with overemphasized figures, the effects of the red, green, brown, blue etc. in the paintings evokes certain restlessness, some kind of penetration of the fantastic. The fantastic, the irreality here is not treated thematically, but penetrates in the clash between the figurativity of the image and the extremly unrealistic way of its treatment.

The purified coloristic volumens and surfaces do not suggest superficial emotions and states, but profound subjective tensions from which the restrained pain is expected to articulate, to speak out.

Valentino Dimitrovski
prevod: Bliznakova Elena

SOROS CENTER FOR CONTEMPORARY ARTS - SKOPJE MACEDONIA
СОРОС ЦЕНТАР ЗА СОВРЕМЕНИ УМЕТНОСТИ - СКОПЈЕ МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

КУЛТУРНО - ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР - СКОПЈЕ



CONVERSATION

JANA KUNOVSKA



РАЗГОВОР CONVERSATION

JANA KUNOVSKA



МУГРИ

AT FIRST LIGHT

JANA KUNOVSKA



АВТОПОРТРЕТ SELF PORTRET

JANA KUNOVSKA



ПРОФЕСИЈА PROFESSION

JANA KUNOVSKA